# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 2<br><br>06.02.2020 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 05/2002“), член 34 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.28/03, 62/06...101/2013) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.8/10,8/14,02/18 и 03/19), Советот на општина Крива Паланка на 34-та седницата одржана на ден 05.02.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува во целост Извештајот на извршен попис на средствата со состојба на ден 31.12.2019 година број 03-371/1 од 31.01.2020 година.

**Член 2**

Извештајот од Пописната комисија за извршениот попис на основни средства , ситен инвентар, побарувања, обврски и благајна на ден 31.12.2019 година, оригиналните пописни листи и пропратните документи за вршење попис за 2019 година заедно со оваа Одлука да се достават до Одделението за финансиски прашања.

**Член 3**

Одделението за финансиски прашања се задолжува да ги спроведе потребните сметководствени работи во согласност со Извештајот на пописната комисија за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2019 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник” на општина Крива Паланка.

**Број 09-375/3** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**05.02.2020 г.** | **Претседател**
**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2019 година**

1. Се објавува Одлука за **усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2019 година** ,што Советот ја донесе на 34-та седница,одржана на ден 05.02.2020 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-375/4**
**06.02.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), а во врска со Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2020 година, објавен на ден 20.01.2020 година во Службен весник на РСМ бр.14/2020, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 05.02.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање на приоритет за аплицирање на проект „Изградба на фекална канализација во населба Осичка Маала, град Крива Паланка“ во Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за аплицирање на проект „Изградба на фекална канализација во населба Осичка Маала, град Крива Паланка“ во Општина Крива Паланка, а за користење на финансиски средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2020 година.

**Член 2**

За реализација на проектот „Изградба на фекална канализација во населба Осичка Маала, град Крива Паланка“ во Општина Крива Паланка, Општина Крива Паланка ќе обезбеди кофинансирање во висина од 5% од вредноста на проектот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-375/5**
**05.02.2020 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проект „Изградба на фекална канализација во населба Осичка Мала, град Крива Паланка“ во Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проект „Изградба на фекална канализација во населба Осичка Мала, град Крива Паланка“во Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 34-та седница,одржана на ден 05.02.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-375/6**
**06.02.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 05.02.2020 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на ЈП Комуналец – Крива Паланка за обезбедување банкарска гаранција**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност за обезбедување банкарска гаранција за износ од 122.000,00 денари и заложување на депозит по основ на обезбедување на банкарската гаранција за период од две години.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-375/7**
**05.02.2020 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10,08/14и 02/18), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за давање согласност на ЈП Комуналец – Крива Паланка за обезбедување банкарска гаранција**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на ЈП Комуналец – Крива Паланка за обезбедување банкарска гаранција на ,што Советот ја донесе на 34-та седница,одржана на ден 05.02.2020 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.08-375/8**
**06.02.2020 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ред.бр.** **страна**


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештај од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.201 година........................................................................................ | 1 |
| 2. | Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Извештај од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средствата со состојба на ден 31.12.201 година...................................... | 2 |
| 3. | Одлука за давање на преоритет за аплицирање на проект,,Изградба на фекална канализација во населба Осичка Мала,град Крива Паланка’’во Општина Крива Паланка........................................................................ | 3 |
| 4. | Заклучок за објавување на Одлука за давање на преоритет за аплицирање на проект,,Изградба на фекална канализација во населба Осичка Мала,град Крива Паланка’’во Општина Крива Паланка............... | 4 |
| 5. | Одлука за давање согласност на ЈП Комуналец-Крива Паланка за обезбедување банкарска гаранција........................................................... | 5 |
| 6. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на ЈП Комуналец-Крива Паланка за обезбедување банкарска гаранција ......... | 6 |